Дневни биптени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 25.02.2024

Денеска (25.02.2024) во 02.20 часот во близина на Порта Македонија во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.Ш.(26) од Косово поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (25.02.2024) во 01.10 часот на подрачјето на Бит Пазар во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Г.(21) и М.Ш.(19), двајцата од Скопје поради тоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 13.37 часот во СВР Битола било пријавено дека во с.Могила при исход била пронајдена неексплодирана граната. Граната од Првата светска војна со калибар155 мм. е безбедно подигната од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

Денеска (25.02.2024) во 03.00 часот во угостителски објект на подрачјето на Карпош во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода Г.С.(22) од Скопје поради тоа што кај неа била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 23.25 часот на подрачјето на Драчево во Скопје полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.П.(27) од Скопје поради тоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 15.30 часот на подрачјето на Центар во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода Б.Д.(19) од Скопје поради тоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 21.45 часот на подрачјето на Центар во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ѓ.(21) од Скопје поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 22.20 часот на подрачјето на Центар во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода З.А.(32) од Скопје поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 16.50 часот на подрачјето на Бит Пазар во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.Р.(31) од Скопје поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 21.30 часот на подрачјето на Бит Пазар во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(19) од Скопје поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 21.30 часот на подрачјето на Карпош во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.А.(35) од Скопје поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 22.00 часот на Граничниот премин Долно Блаце од полициски службеници бил приведен Д.Б.(33) од Р.Албанија поради тоа што при извршена гранична контрола и увид во патната исправа констатирано дека лица на истата и недостасуваше две страници. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 24.02.2024 во 18.50 часот на Граничниот премин Долно Блаце при извршена пасошка контрола на С.С.(58) од Косово констатирано дека дека евидирал во оперативна евиденција со марка „алса" по барање од Интерпол. По извршени проверки утврдено било дека тој бил предмет на меѓународна потрага од УНМИК Косово. С.С. е предаден на полициски службеници од соседниот граничен премин „Хани Елезит"-Косово.

Денеска (25.02.2024) во 03.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Скопје на крстосници од ул.„Железничка" и ул.„Димче Мирчев" патничко возило возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.Р.(40) од Скопје, удрило во пешакот Х.Ц.(26) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.02.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 167 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 42 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, 17 санкции за возење под дејство на алкохол, 12 мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 24.02.2024 во 17.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 15.20 часот во Скопје на ул.„Ремзи Хоџа" патничко моторно возило удрило во Н.Ш.(71) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Н.Ш., констатирани во болницата „Аиибадем Систина". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2024 во 11.45 часот било пријавено дека на автопатот Тетово-Гостивар, во близина на наплатна станица во Гостивар, товарно возило „ивеко" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Д.С.(47) од Гостивар, удрило во заштитна ограда и метална канделабра. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатиран во Општата болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 24.02.2024 во 11.14 часот во СВР Скопје било пријавено дека на место викано „Душановац", атар на с.Бањани-скопско, З.Б.(65) од Скопје додека управувал четирицикл, се превртел и бил потиснат од четирициклот. З.Б. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8-ми Септември". Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје.

На 24.02.2024 во 19.40 часот во Полициската станица Центар М.С.(48) од Скопје пријавила дека на ул.„Светиниколска" во Скопје била касната од куче скитник.

На 24.02.2024 во 19.45 часот во Полициската станица Карпош, М.М.(23) од Скопје пријавил дека на бул.„Илинден" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.02.2024 во 15.25 часот во Полициската станица Ѓорче Петров С.М.(31) од с.Волково-скопско пријавил дека на ул.„Пука Геров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.02.2024 во 23.30 часот во Гевгелија, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гевгелија го лишиле од слобода Д.Ш.(24) од Гевгелија. При преглед кај лицето била пронајдена марихуана. За настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија и по документирање на случајот против Д.Ш. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на изминатата ноќ (24/25 февруари) од 22 до 4 часот, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи што ги управуваат возилата под дејство на алкохол. При контролата е санкциониран 21 возач (ТЕ-14 и ГВ-7). Сите возачи-прекршители веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се соодветни поднесоци со парични глоби кои се движат од 225 до 375 евра во денарска противвредност.Покрај ова, времено ќе им бидат одземени и нивните возачки дозволи од три месеци до една година. Во акциската контрола санкционирани, исто така, биле и 25 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-18 ГВ-5).

Во текот на изминатата вечер (24/25.02.2024)во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 18 возачи од кои (10 во Битола,4 во Прилеп, два во Ресен и по еден Демир Хисар и Македонски Брод), а откриени биле и 16 друг вид прекршоци.

На 24/25.02.2024 од 22 до 04 часот, на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни контроли и при тоа полициските службеници затекнале 18 возачи кои, управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-04, Струга- 04,Кичево-09, Дебар-01). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

Денеска (25.02.2024) во 04.00 часот во угостителски објект на подрачјето на општина Аеродром во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Т.(24) од Свети Николе поради тоа што кај него била пронајдена и одземена таблета. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.02.2024 во 02.00 часот во ОВР Неготино било пријавено дека околу 01,10 часот во казино во Неготино две лица со закана со пиштол од вработените одзеле пари. Известен е јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2024 во 21.13 часот во ОВР-Кавадарци било пријавено дека во населбата Глишик во Кавадарци настанал пожар во гаража сопственост на М.М.(41) од Кавадарци. Во пожарот опожарени биле трактор, патничко возило „голф 4" со кавадарска регистарски ознаки, два велосипеди и други предмети. Од пожарот бил оштетен и дел од кровот на соседната куќа, сопственост на З.М. Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Кавадарци. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Кавадарци.

На 24.02.2024 во 15.45 часот на подрачјето на Карпош полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.Ф.А.(24) од Скопје поради тоа што на 23.02.2024 околу 23.30 часот во домот на подрачјето на Ѓорче Петров физичкиот ја нападнал неговата 20 годишна невенчана сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје Б.С.(46) од Скопје пријавил дека околу 17.50 часот на подрачјето на Центар четири лица физички го нападнале неговиот малолетен син и со закана му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2024 во 16.20 часот на подрачјето на Гази Баба полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода Т.Т.(62) од Скопје поради тоа што во домот со пиштол и упатувал закани на неговата 63- годишна сестра. Од него бил одземен пиштол „црвена заставa м-70" калибар 7.65 мм., една рамка за пиштол со 8 куршуми калибар 7.65 мм и една дозвола за поседување на оружје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 15.07 часот во СВР Скопје Н.Т.(18) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Ѓорче Петров бил физички нападнат од Р.Ѓ.(18) од Гевгелија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 15.30 часот во СВР Скопје Ф.Ц.(47) од с.Кондово-скопско пријавил дека во селото бил физички нападнат од страна на неговиот братучед Ц.Ц.(72), кој употребил и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (25.02.2024) во 02.15 часот полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар ги лишиле од слобода И.Г.(28) и О.Г.(21) двајцата од Р.Турција поради тоа што кај нив биле пронајдени пиштол „глок" и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2024 во 11.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари по претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Ш.(71) и нејзината соседка М.Г.(61), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 23.50 часот во СВР Скопје Ј.К.(33) од с.Арачиново-скопско пријавил дека околу 22.00 часот во маркет во селото каде работел, по претходна расправија, бил физички нападнат од Б.С. и М.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2024 во 20.30 часот во СВР Скопје К.Н. пријавил дека на царински терминал на подрачјето на Гази Баба било опожарено товарно возило „мерцедес" со босански национални ознаки со полуприколка, сопственост на правно лице, а паркирано од В.М. (35) од Босна и Херцеговина. Од настанатиот пожар зафатена била приколка со скопски регистарски ознаки, паркирана од Д.Ј.(39) од Скопје и приколка со велешки регистарски ознаки, паркирана од С.Г.(53) од Велес. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2024 во 23.45 часот било пријавено дека околу 23.00 часот во Куманово бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу О.А.(18) и еден малолетник од една страна и Х.Н. од друга страна, сите од Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2024 во 15.15 часот Б.И.(84) од Куманово пријавила дека во Куманово од страна на две малолетни лица и бил одземен паричникот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2024 во 23.00 часот во с.Желино-тетовско полициски службеници од СВР Тетово го привеле Е.И.(29) од Тетово поради тоа што при извршен преглед во неговото патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки биле пронајдени и одземени нож, пендрек и безбол палка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 12.00 часот малолетник од Тетово пријавил дека околу 11.30 часот во угостителски објект во Тетово бил физички нападнат од Ф.А. од Тетово. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2004 во 11.30 часот полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Н.И.(61) од тетовско село, кој бил пријавен од неговата 53 годишна сопруга дека во домот физички ја нападнал. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.02.2024 во 11.45 часот Н.Ј.(57) од с.Добрилол-гостиварско пријавил дека околу 10.20 часот во Гостивар бил физички нападнат од неговиот соселанец М.А. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2024 во 12.00 часот Полициската станица Тетово Д.Ѓ.(37) од Тетово пријавил дека на ул.„ЈНА" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 24.02.2024 во 17.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Б.Т.(53) од с.Ново Село-скопско пријавил дека на ул.„Пука Геров" бил каснат од куче скитник.

Сајт изработен од МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Сајт изработен од Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет